**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп1 Бр.** 03-241
12.07. **2023 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20 и 77/21), а во врска со член 54 став 5 од истиот Закон, точка 6 и 14 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) арх.бр.01-4139/1 од 07.11.2022 година, Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-2553/1 од 20.06.2023 година, а во согласност со Заклучокот арх.бр.02-2749/4 од 12.07.2023 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 22-та седница одржана на 11.07.2023 година, го донесе следното

**Решение**
**за преземање мерка – јавна опомена**

1. ЈАВНО СЕ ОПОМЕНУВА Радиодифузно трговско друштво (РТД) МЕТРОПОЛИС РАДИО ДОО Скопје, заради извршена повреда на член 54 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗАВМУ), на начин што на својот радиопрограмски сервис, емитуван на 6 јуни 2023 г, беа спонзорирани вестите, односно изданијата на кусите дневноинформативни емисии насловени: „Вести на Метрополис радио" и „Една минута позитивни вести".

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-2553/1 од 20.06.2023 г., кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на РТД МЕТРОПОЛИС РАДИО ДОО Скопје, во рок од 20 (дваесет) дена од денот на приемот на ова Решение да го усогласи своето работење со одредбите од ЗАВМУ.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

4. Ова Решение е конечно, а како ден на негово донесување се смета денот на неговата заверка во архивата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Агенцијата).

**О б р а з л о ж е н и е**

Агенцијата врз основа на член 28 од ЗАВМУ е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на одредбите од цитираниот Закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од ЗАВМУ, Советот на Агенцијата презема мерка - јавна опомена во случаите кога е извршена повреда или прекршување на одредбите од ЗАВМУ и подзаконските акти донесени врз основа на истиот Закон, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и други акти на Агенцијата.

Согласно член 54 став 5 од ЗАВМУ, не е дозволено спонзорство на вести, актуелно-информативни програми за тековните настани и на верски програми.

Во рамките на своите законски надлежности, Агенцијата преку Секторот за програмски работи, на 20 јуни 2023 г., изврши редовен, програмски надзор (мониторинг), на радиопрограмскиот сервис на РТД МЕТРОПОЛИС РАДИО ДОО Скопје, емитуван на 6 јуни 2023 г., на државно ниво, при што констатираше прекршување на член 54 став 5 од ЗАВМУ, на начин што дел од информациите емитувани во рамките на изданијата на вестите, односно на кусите дневноинформативни емисии насловени: „Вести на Метрополис радио", беа спонзорирани од претпријатието „Пнеуматик" (pneumatik.mk), а на одјавната и на најавната шпица од изданијата на - „Една минута позитивни вести",

беше нагласено дека се изработени (цитат): „Заедно со Дирекцијата за технолошко-индустриски развојни зони и Совет на странски инвеститори". Повредата од точка 1 од ова Решение, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-2553/1 од 20.06.2023 г., (табела 1 и табела 2 од Извештајот), кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

Согласно член 23 став 3 од ЗАВМУ, Советот на Агенцијата до РТД МЕТРОПОЛИС РАДИО ДОО Скопје на 23.06.2023 г., испрати Допис арх.бр.10-2553/2 од 23.06.2023 г., со кој му го достави Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-2553/1 од 20.06.2023 г., со цел во рок од 7 (седум) работни дена од денот на приемот на дописот, до Советот на Агенцијата да достави изјаснување во писмена форма за стореното прекршување на одредбите од ЗАВМУ. Дописот беше уредно примен од страна на радиодифузерот, за што во предвидениот рок РТД МЕТРОПОЛИС РАДИО ДОО Скопје, достави писмено изјаснување за стореното прекршување на одредбите од ЗАВМУ, наш арх.бр.10-2547/3 од 27.06.2023 г. Советот на Агенцијата на седницата одржана на 11.07.2023 г., го разгледа предметниот Писмен извештај и доставеното писмено изјаснување и заклучи на РТД МЕТРОПОЛИС РАДИО ДОО Скопје, да му се изрече мерка – јавна опомена.

Следствено на напред наведеното, врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од ЗАВМУ, а во врска со член 54 став 5 од истиот Закон, точка 6 и 14 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) арх.бр.арх.бр.01-4139/1 од 07.11.2022 година и Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-2553/1 од 20.06.2023 година, поради констатирано непочитување на одредбите од ЗАВМУ, утврдено во точка 1 на ова Решение, Советот на Агенцијата на 22-та седница одржана на 11.07.2023 г., согласно Заклучокот арх.бр.02-2749/4 од 12.07.2023 г., донесе Решение со кое јавно се опоменува РТД МЕТРОПОЛИС РАДИО ДОО Скопје и му се наложува, во рок од 20 (дваесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од ЗАВМУ. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 ставови 1 и 2 од ЗАВМУ, ова Решение е конечно и против него радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горенаведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Прилог (1):**

1) Писмен извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-2553/1 од 20.06.2023 г.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Совет,**
__________________
**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Доставено до:**
-РТД МЕТРОПОЛИС РАДИО ДОО Скопје;
-Управителот на РТД МЕТРОПОЛИС РАДИО ДОО Скопје;
-Одговорното лице на програмата во РТД МЕТРОПОЛИС РАДИО ДОО Скопје;
-Секторот за правни работи и јавни набавки;
-Секторот за програмски работи; и
-Назначените лица во Агенцијата за водење на уписникот Уп1.

До: д-р Зоран Трајчевски, директор
на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20 и 77/21), се доставува:

20.06.2023
10 2553 1

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** Редовен;

2. **Субјект на надзорот:** Радиодифузно трговско друштво МЕТРОПОЛИС РАДИО ДОО Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот:** 6 јуни 2023 година;

4. **Датум на извршување на надзорот:** 20 јуни 2023 година;

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Членовите 53, 54, 98, 99, 100 и 101 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (правила за емитување аудио комерцијални комуникации);
   - **Правилник за спонзорство** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/15);
   - **Член 52 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (обврски при обезбедување квизови или други облици на наградно учествување);
   - **Член 93 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (користење телефонски услуги со додадена вредност и телефонско гласање);
   - **Правилник за програми со наградно учествување и за користење телефонски услуги со додадена вредност** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 185/14);
   - **Член 94 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (емитување игри на среќа).

6. **Претходно изречена мерка:** Нема;

7. **Констатации од надзорот:**

Со редовниот програмски надзор врз радискиот програмски сервис на Радиодифузното трговско друштво МЕТРОПОЛИС РАДИО ДОО Скопје, емитуван на 6 јуни 2023 година, на државно ниво, **констатирано е прекршување на членот 54, став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (*не е дозволено*